The Institute of Internal Auditors Republic of North Macedonia

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




# ВО ЧЕКОР СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РЕВИЗИЈАТА

*Датум: 19ти април, 2019*
*Локација: Хотел Holiday Inn*

# I.ПРЕДАВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **Marmalidou Verra,** Претседател на Институтот на внатрешни ревизори - Грција | *COSO ИНТЕГРИРАНА РАМКА ЗА СИСТЕМ НА ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ ОД ТЕОРИЈА ДО ПРАКСА* |
| ***Epaminondas Chandros,*** *О.Т Сениор менаџер, Аттика Груп* | *ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА– C LEVEL ДИРЕКТОРИ – ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА* |
| ***Kemal Tapkan,*** *Заменик претседател на Институтот на внатрешни ревизори – Турција* | *МОЖНИТЕ УЛОГИ НА РЕВИЗОРИТЕ ВО ПОДОБРУВАЊЕТО НА КОРПОРАТИВНАТА КУЛТУРА И ЕТИКАТА* |



***Воздигнете го вашиот ревизорски статус! Научете како да ја примените најпознатата рамка за внатрешни контроли!***

***Verra Marmalidou****, CIA, CRMA, Акредидатација за внатрешна проценка на квалитет/валидација од IIA и цертификат од COSO интегрираната рамка за воспоставување на системот на интерни контроли. Вера е претседател на Институтот на внатрешни ревизори (IIA) Грција, член на одборот на директори на ECIIA (Европска конфедерација на институти за внатрешна ревизија) и член на ECIIA комитетот за банкарство. Таа е вработена во Народната банка на Грција како Директор на внатрешна ревизија. Во минатото, има работено во Национално биро за хартии од вредност, најпрвин како експерт за деривати, а подоцна и како Раководител на приватниот банкарски сектор за малопродажба и пензиски фондови.* *Акредидатација за внатрешна проценка на квалитет/валидација од IIA и цертификат од COSO интегрираната рамка за воспоставување на системот на интерни контроли. Вера е претседател на Институтот на внатрешни ревизори (IIA) Грција, член на одборот на директори на ECIIA (Европска конфедерација на институти за внатрешна ревизија) и член на ECIIA комитетот за банкарство. Таа е вработена во Народната банка на Грција како Директор на внатрешна ревизија. Во минатото, има работено во Национално биро за хартии од вредност, најпрвин како експерт за деривати, а подоцна и како Раководител на приватниот банкарски сектор за малопродажба и пензиски фондови.*



***Од теорија до реалност – поврзување на деловите од слагалката на три различни светови!***

***Epameinondas Chandros*** *HACFE Treasurer, CIA, CRMA, CFE, CCEP-I. Во моментов раководи со канцеларијата за оганизациска трансформација при Атика групацијата, еден од лидерите во европската индустрија за траекти. Со искуство во повеќе проекти за реструктуирање, спојување и проекти за длабинска анализа, неговото работно искуство се протега низ вна трешна ревизија, управување со ризици, усогласување со регулативата и финансиски улоги во банкарството, металната индустрија, телекомуникациите, малопродажбата, процесирање на храна и пијалоци. Во минатите 20 години, работи во блиска соработка со C- Level директори и одборите за ревизија, како во Грција, така и во меѓународни рамки.*



***Улогата на внатрешните ревизори во зајакнувањето на корпоративната култура е поврзано со нејзините допирни точки со етиката. Внатрешните ревизори може да бидат ангажирани на повеќе советодавни ангажмани од страна на одборите за ревизија. Во компаниите од средна големина, каде што функциите за усогласеност и правните функции не се воспоставени, улогата на внатрешните ревизори во врска со етиката може да биде зголемена.***

***Mustafa Kemal Tapkan*** *е потпретседател на IIA Турција. Тој управува со одделот за внатрешна ревизија и услогласување со регулативата во Стандард Профил, компанија за прилагодени решенија во системите за продажба на автомобили. Тој бил менаџер во одделот за услуги од областа на внатрешна ревизија во KMPG како и постар соработник за надворешна ревизија во истата компанија. Тој управувал и со одделот за внатрешна ревизија во Борусан Холдинг. Благодарение на неговото искуство и знаење од областа на етиката, станува член на комитетите за ревизија во друштвото за етика и репутација.*

# II. ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА со C-SUITE EXECUTIVES

## Квалитетот на финансиските извештаи и системот на внатрешни контроли-уверување помеѓу менаџментот, внатрешната и надворешната ревизија

*Дел од планираните учесници се:*

- **Генерален Извршен Директор и Генерален Директор за управување со ризици во меѓународни банкарски групации кои работат во Република Северна Македонија**
- **Дирекција за Супервизија, регулативи во банкарството и финансиска стабилност, Народна банка на Република Северна Македонија**
- **Директор на меѓународно ревизорско друштво во Република Северна Македонија**
- **Член на управен одбор на Македонска берза**
- **Член на управен одбор на реномирана компанија во Република Северна Македонија**

*Панел дискусија:*

** Квалитетот на финансиското известување, ревизорските извештаи и обелоденувањата во финансиските извештаи, во корелација со одлуките за тргување на берзанскиот пазар;*

** Финансиска писменост и потребата од поголемо разбирање и вреднување на финансиските и ревизорските извештаи од крајните корисници;*

** Комуникација помеѓу регулаторите на финансиската индустрија / НБРМ и внатрешните и надворешните ревизори, квалитетот на финансиските и ревизорските извештаи, како и интерните контроли во процесот на финансиско известување;*

** Сертификација, професионално унапредување и образование на внатрешните и надворешните ревизори, кои се идните барања на акционерите, корисниците на финансиски извештаи и регулаторите за подобрување на едукацијата на ревизорите и унапредување на ревизорските услуги;*

** Важноста на Функцијата за управување со ризици и COSO Internal Control - Integrated Framework, како рамка за воспоставување на системот на интерни контроли, во оперативното и стратегиското менаџирање на современите македонски корпорации;*

** Користење на работата на интерните ревизори и тестирањата на системот на интерни контроли како дополнително уверување и намалување на ризикот во рамките на годишната екстерна ревизија на финансиските извештаи.*

## Котизација и услови за учество:

*За членови на Здружението и Институтот (стандардна цена)*
*– 4.500 денари*

*Рана пријава за членови (пријава до  01ви април  2019)*
*– 3.500 денари*

*За лица кои не се членови на Здружението и Институтот (стандардна цена)*
*– 7.000 денари*

*Рана пријава за лица кои не се членови на Здружението и Институтот*
*(пријава до  01ви април  2019) – 4.500 денари*

*Симултан превод од македонски кон англиски и англиски кон македонски јазик ќе биде обезбеден за учесниците на настанот.*

*Овој исклучителен настан се препорачува за:*
- *Внатрешни и надворешни ревизори*
- *Менаџери за ризик и Менаџери за усогласеност*
- *Супервизори и менаџери за контрола*
- *Основачи, Сопственици на бизниси и Претприемачи*

*Со учеството на настанот се признаваат 8 часа CPE / КПУ континуирано професионално усовршување, од ЗВРМ и ИОРРМ!*

**За повеќе информации, ви стоиме на располагање на:**
**075 233 448   или   071 378 276**
**contact@aiam.org.mk   или   conference@aiam.org.mk**
**www.aiam.org.mk**